ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 8, а во согласност со член 48 став 1, член 50 и член 51 став 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седница одржана на ден 2.7.2024 година, ја донесе следната:

# **О Д Л У К А**

## **за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје**

**Член 1**

За независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 (четири) години сметано од 19.9.2024 година се именува ____________________.

**Член 2**

На именуваниот член на Надзорниот одбор му се определува награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор во согласност со донесена одлука од Собранието на акционери.

**Член 3**

Управниот одбор на Банката поднесува пријава за упис на именуваниот член на Надзорниот одбор во Трговскиот регистар.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето претходна согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Собрание на акционери на**

**ТТК Банка АД Скопје**

**Претседавач**

__________________

**О б р а з л о ж е н и е**

**кон Предлог - одлуката за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје**

Во согласност со член 48 став 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат 7 члена, избрани во постапка и услови во согласност со закон. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор мора да бидат независни членови.

Со Одлука на Собранието на акционери на Банката бр. 02-4361/2 од 2.7.2020 година, академик Владо Камбовски беше именуван за независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 (четири) години.

Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија, со Решение бр. 15-16918/6 од 17 септември 2020 година, издаде претходна согласност за именувањето на Владо Камбовски за независен член на Надзорниот одбор на Банката, за период од 4 (четири) години, сметано од денот на приемот на решението. Решението е примено во банката на 18 септември 2020 година.

Имајќи предвид дека истекува мандатот за кој е именуван членот на Надзорниот одбор Владо Камбовски, се предлага Собранието на акционери на Банката да донесе Одлука за именување независен член на Надзорниот одбор на Банката со период од 4 (четири) години, сметано од 19.9.2024 година.

Исто така, во согласност со член 50 од Статутот на Банката, на членовите на Надзорниот одбор им припаѓа награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор, определена со одлука на Собранието на акционери, па се предлага таа награда да биде определена и за новоименуваниот член.

Заради сето погоре наведено се јавува потреба за донесување на предметната Одлука за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје.

**ТТК Банка АД Скопје**

**Надзорен одбор**

**М И С Л Е Њ Е**

**на Надзорниот одбор за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје**

Во согласност со член 48 став 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат 7 члена, избрани во постапка и услови во согласност со закон. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор мора да бидат независни членови.

Со Одлука на Собранието на акционери на Банката бр. 02-4361/2 од 2.7.2020 година, академик Владо Камбовски беше именуван за независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 (четири) години.

Гувернерот на Народната, банка на Република Северна Македонија со Решение бр. 15-16918/6 од 17 септември 2020 година, издаде претходна согласност за именувањето на Владо Камбовски за независен член на Надзорниот одбор на Банката, за период од 4 (четири) години, сметано од денот на приемот на решението. Решението е примено во банката на 18 септември 2020 година.

Имајќи предвид дека истекува мандатот за кој е именуван членот на Надзорниот одбор Владо Камбовски, се предлага Собранието на Банката да донесе Одлука за именување независен член на Надзорниот одбор на Банката со период од 4 (четири) години, сметано од 19.9.2024 година, како и подготовка и поднесување на целокупната документација за добивање претходна согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

Во согласност со член 388-б од Законот за трговските друштва за точките каде што нема предлог-одлука за донесување, потребно е овластен орган или тело на Банката да даде мислење коешто ќе биде објавено на интернет-страницата на Банката.

Во согласност со член 390 од Законот за трговските друштва, предлог - одлуката за именување член на Надзорен одбор треба да се достави во рок од 8 дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на Собранието.

Во согласност со член 344 став 4 од Законот за трговските друштва, податоците на кандидатот за член на Надзорниот одбор треба да се доставаат до акционерите најдоцна 7 дена пред датумот на одржување на седницата на Собранието на акционери. Податоците ќе бидат објавени на официјалната интернет-страница на Банката www.ttk.com.mk.

Скопје, 29.5.2024 година НАДЗОРЕН ОДБОР